| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Домашни птици |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потикнување на децата за редовно одржување на здравите хигиенски навики-редовно миење на раце ,користење дезинфекциони средства, одржување растојание, носење маска кога треба и кивање-кашлање со заштита. |
| **Активност** | Во пресрет на Велигден и подготовките за негово одбележување со децата поразговарајте и запознајте ги со птиците кои се чуваат во селскиот двор или на фарма (слика 1, 2 ,3 и 4). Во контекст на темата што ќе ја работите можете со децата да појдете во зоолошка градина каде ќе може директно да ги набљудувате и опишувате кокошките, петелот, мисирката, шатките и гуските кои се всушност домашни птици. Разговарајте со децата за нивните семејства и како на свет доаѓаат малечките (од јајце) (слика 5, 6 ,7, 8 и 9),слушнете го нивното јавување, со што се хранат и korиста од нивното чување (јајца, месо и пердуви) (слика 10 и 11). По враќањето дома понудете им на децата слики од домашни птици а тие сами нека ги препознаваат и именуваат. Може да продолжат со боење некоја домашна птица во контура, моделирање птици од пластелин или со некоја нова техника (цепи лепи) да направат модел на птица изборот е нивен (слика 12, 13, 14 и 15). Завршете ја активноста со читање на некоја приказна или гледање цртан филм за домашните птици. Содржината нека ви ја прераскажат со што би го вежбале говорот. |